**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА**
**В.Д. ДИРЕКТОР: Асс. Д-р Шабан МЕМЕТИ**



# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОВРЕДИ НА РАБОТА 2016-2017

**Скопје, 2018**

**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НАРЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**В.Д. ДИРЕКТОР: Асс. д-р Шабан МЕМЕТИ**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕДИЦИНА НА ТРУД И ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНИ РИЗИЦИ**

**НАЧАЛНИК: Проф. д-р Елисавета СТИКОВА**


**ПОДГОТВИЛ:**
Цветанка Атанасовска, специјализирана медицинска сестра по семејна и патронажна грижа

**СОРАБОТНИЦИ:**
Д-р Анита Цветковска, специјалист по медицина на труд
Д-р Фљамуре Зекири Кека, специјалист по медицина на труд
Сабиха Старова, дипл. медицинска сестра

**Статистичка обрабока:**
Јасмина Тахири, самостоен медицински статистичар

**Техничка обработка:**
Борче Андоновски
Сузана Дунгевска
Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација


**Скопје, март 2018**

**ПРЕДГОВОР**

Секоја година на 28 април-Светски ден за безбедност и здравје на работа, Меѓународната организација за труд (МОТ), отпочнува со спроведување на целогодишна кампања за подигнување на свеста во различни области на безбедноста и здравјето на работа и тоа под различно мото.

Оваа година, под заедничко мото, кое гласи: Ранливост на младите работници, Светскиот ден за безбедност и здравје при работа (SafeDay) и Светскиот ден против детски труд (WDACL) ќе организираат заедничка кампања за подобрување на безбедноста и здравјето на младите работници и против детскиот труд.

Кампањата има за цел да ја забрза акцијата за постигнување на цел 8.8 за безбедна работна средина за сите работници до 2030 година и цел 8.7 за прекинување на сите форми на злоупотреба на детскиот труд до 2025 година.

Заедничкиот и интегриран пристап за елиминирање на злоупотреба на детскиот труд и промовирање на превенција на здравјето при работа (OSH) ќе резултира со постигнување на поставените цели, а бенефитот од нив ќе го уживаат следните генерации на глобалната работна сила.

Од вкупно 541 милиони млади работници на возраст од 15-24 години, 37 милиони се деца кои работат на опасни работни места и сочинуваат повеќе од 15,0% од светската работна сила. Од нефатални повреди на работа, 40,0% повеќе страдаат младите работници до 25 години.

Многу фактори можат да ја зголемат младинската ранливост на ризиците кои произлегуваат од работната средина, како што се нивната физички и психолошки степен на развој, недостаток на работно искуство, недостаток на обука, ограничена свест за опасностите поврзани со работата и недостаток на моќ за договарање што може да доведе до тоа младите работници да прифатат опасни задачи или работни места со лоши работни услови.

Кампањата SafeDay од 2018 ја нагласува критичката важност за решавање на овие предизвици и подобрување на безбедноста и здравјето на младите работници, не само за промовирање на пристојно вработување на младите, туку и за поврзување на овие напори за борба против опасните и сите други форми на злоупотреба на детскиот труд. (**http://www.ilo.org/safework/events/safeday/lang--en/index.htm**)

## ВОВЕД

Повредите на работа и професионалните болести се директно поврзани со карактеристиките на работниот процес и условите на работното место. Анализата на достапните здравствено-статистички индикатори покажува дека секоја минута поради повреда на работа или професионална болест умираат 4 работници, што претставува вкупно 2,2 милиони регистрирани смртни случаи годишно во светот.

Околу 1,7 милиони од овие смртни случаи се поради професионални болести и околу 350.000 поради повреди на работа.

Според податоците на Меѓународната организација на трудот (МОТ), секоја година се регистрираат 270 милиони повреди на работа со отсуство од работа подолго од 3 денови и 160 милиони професионални болести. Околу 30-40% од нив минуваат во хронични и иреверзибилни состојби, а 10% се поврзани со целосен и траен губиток на работната способност. Светската здравствена организација известува дека повредите на работа и професионалните болести учествуваат со 0,9% во вкупното оптеретување со болест, што е еднакво на 13,1 милион изгубени години на живот (DALYs).

Во земјите на Европската Унија на секои три ипол минути умира по еден работник поради причини што се поврзани со работата. Тоа значи дека секоја година умираат 159.500 работници поради професионлни болести и дополнително уште 7.500 поради повреди на работа. Годишно се регистрираат околу 7 милиони повреди на работа, што значи дека 3,2% од работничката популација во ЕУ се повредува во текот на една година. Дури 10% од повредите се случуваат во сообраќајни несреќи поврзани со работата. Секоја година се губат 14 милиони работни денови, а директните трошоци само за осигурување поради повреди на работа надминуваат 20 милијарди евра годишно. Проблемот е особено нагласен во малите и средни претпријатија што вработуваат помалку од 50 работници.

Поради професионални или болести поврзани со работа, како и поради повреди на работа, 2,6% од вработените отсуствувале од работа подолго од еден месец.

Доколку, во отсуство на целосни податоци за состојбите во Република Македонија, се обидеме да направиме естимација на регистрираните состојби во ЕУ, тогаш би можеле да

очекуваме дека на национално ниво би се регистрирале повеќе од 20.000 повреди на работа. Користејќи ги истите проценки, поради повреди на работа и професионални болести би можело да се очекува дека би отсуствувале од работа подолго од 30 денови вкупно 18.000 работници.

Неодамнешната студија на Светската здравствена организација укажува дека несоодветните (нездрави) услови за работа се причина за 1,6% од вкупното оптеретување со болест регистрирано во Европскиот регион. При тоа, најзначајно е учеството на повредите, кои во структурата на оптеретувањето со болест предизвикано од условите за работа партиципира со 40%, бучавата со 22%, а професионалните канцерогени со 18%.

Постојат повеќе од 150 физички, хемиски и биолошки агенси што се класифицирани како професионални канцерогени на кои се изложени околу 20-30% од машката и 5-20% од женската професионално активна популација. Секој 10-ти случај на карцином на трахеата, бронхот и белите дробови, како и секој 4-ти случај на леукемија имаат професионална етиологија. Доколку овие бројки ги естимираме на национално ниво, тогаш тоа би значело дека во Република Македонија околу 130.000 работници и дополнително уште меѓу 14.000 - 54.000 работнички се изложени на професионални канцерогени.

Се проценува дека секоја година во земјите на ЕУ умираат по 74.000 работници поради професионална изложеност на хемиски супстанции, што е за 10 пати повеќе од регистрираните повреди на работа.

Анализата на учеството на професионалната експозиција во вкупното оптеретување со болест покажува дека 5-18% од сите случаи на астма и 14% од случаите на хронична белодробна опструктивна болест (ХОББ) имаат професионална етиологија.

Професионалната експозиција на бучава е причина за губиток на слухот кај 16% од оние кои имаат проблеми со слухот, што претставува 0,3% од вкупното оптеретување со болест.

Директните трошоци за дијагноза, лекување и рехабилитација на повредите на работа и професионалните болести значајно го оптоваруваат здравствениот систем, а индиректните

трошоци поврзани со отсуството од работа, изгубената работна способност и намалената продуктивност претставуваат дополнително оптоварување на националните буџети на секоја земја.

Според податоците на Европската агенција за здравје и безбедност на работа, професионалните болести и повредите на работа, кои се последица на несоодветно организираниот систем за безбедност и здравје на работа, ја чинат секоја земја меѓу
2,6-3,8% од бруто националниот доход (GDP).

Овие бројки претставуваат основа за сериозна загриженост, а проблемот дополнително нараснува ако се има предвид дека голем број професионални болести и повреди на работа остануваат недијагностицирани и нерегистрирани.

Токму поради тоа, нивната евиденцијата бара комплексно и мултидисциплинарно ангажирање на сите фактори кои го чинат сложениот ланец на трипартитно решавање на проблемите за здравје и безбедност на работа.

Оваа информација има за цел да укаже на состојбите со евиденцијата, регистрацијата и пријавувањето на повредите на работа и професионалните болести и да предложи мерки за надминување на состојбите.

## ДЕФИНИЦИЈА НА ПОВРЕДИ НА РАБОТА И ПРОФЕСИОНАЛНИ БОЛЕСТИ

Постојат повеќе различни дефиниции за несреќи и повреди на работа.

Меѓународната организација на трудот во Резолуцијата за статистичка обработка на повредите на работа што се последица на несреќите на работа од 1998 година, ги дава следните дефиниции:

а) ***Несреќа на работа:*** неочекуван и непланиран настан, вклучувајќи и акт на насилство, кој е поврзан со работата и предизвикува повреда, болест или смрт на работникот;
б) ***Несреќа на пат:*** несреќа која се случува на вообичаениот пат при доаѓање или враќање од работа, од професионална обука и други вообичаени активности што се поврзани со работата, а за кои е потребно патување;
в) ***Повреда на работа:*** повреда, болест или смрт на работникот што е последица на несреќа на работа;
г) ***Неспособност за работа:*** неспособност на работникот што бил повреден да ги обавува нормалните работни задачи кои ги обавувал пред повредата.

Според Методологијата за усогласување на статистиката за несреќи при работа (ESAW), која е резултат на заедничка активност на ЕУРОСТАТ и Директоратот на Европската Комисија за вработување и социјални прашања, несреќа при работа се дефинира како "настан во текот на работата кој резултирал со физичка или ментална штета". Ова ги вклучува и случаи на акутно труење или намерни дејствија од страна на други лица, како и несреќите што се случуваат за време на работа, но се надвор од просториите на претпријатиетo. Според оваа методологија во повреди на работа не спаѓаат повредите предизвикани на пат од работа до дома и обратно (commuting accidents).

Треба да се нагласи дека според Европската методологија за несреќи на работа, под несреќа со фатален исход е дефинирана несреќа која резултира со смрт на жртвата во текот на една година од случување на несреќата.
Дополнителен критериум за вклучување во хармонизираниот систем за известување за повреди на работа со кој инидректно се утврдува тежината на повредата на работа е и отсуството од работа поради настаната повреда на работа. Така, според Европската методологија при статистичката обработка, а со цел да се обезбедат компарабилни податоци, се анализираат само оние повреди на работа за кои е утврдено отсуство од работа подолго од 3 денови.

Во периодот од 2010 – 2014 година во рамките на 28-те земји на Европската унија вкупниот број на повреди на работа со 4 и повеќе денови на отсуство од работа е намален

од 2. 987.316 случаи во 2010 година на 2.371.919 случаи во 2014 година (последен достапен податок). Во истиот период бројот на фатални повреди е намален од 3,971 смртни случаи поради повреди на работа во 2010 година на 3348 случаи во 2014 година.
Стапката на инциденца (регистрирани случаи на 100.000 вработени) е најголема во Португалија, следат Франција и Шпанија каде вредноста на оваа стапка е преку 3.000/100.000 во 2014 година. Стапка на повреда на работа поголема од 2.000/100.000 се бележи во Германија, Луксембург и Швајцарија. Најниски стапки на повреди на работа се забележуваат во Романија, Латвија. Литванија, Грција и Бугарија, каде стапката се движи околу 200/100.000.

## ДЕФИНИЦИЈА НА ПОВРЕДА НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, под повреда на работа се подразбира повреда која е предизвикана од непосредно и краткотрајно механичко, физичко или хемиско дејство, како и повреда која е причинета со нагли промени во положбата на телото, ненадејно оптеретување на телото или со други промени на физиолошката состојба на организмот, ако таквата повреда причински е поврзана со вршењето на работите на работното место.

Под повреда на работа се подразбира и повреда која настанала на редовниот и вообичаен пат од местото на живеење до работа и обратно, на службен пат, како и во други услови што се поврзани со доаѓањето на работа или користењето на право на професионална рехабилитација.

Како повреда на работа според овој Закон се смета и заболување на работникот што настанало непосредно и како исклучителна последица на некој несреќен случај или од виша сила за време на вршење на работата или во врска со неа. Во оваа категорија спаѓаат акутните труења на работа, пред се поради фактот дека настануваат како последица на непосредни и краткотрајно дејство на хемискиот штетниот фактор од работната средина.

Од ова јасно произлегува дека недостасува целосно усогласување на дефиницијата за повреда на работа и критериумите според кои се врши известување и статистичка обработка на повредите во Република Македонија, со оние кои се препорачуваат од Меѓународната организација на трудот и се користат во земјите на Европската унија.

Таа неусогласеност се однесува на фактот дека под повреда на работа кај нас се признава секоја повреда, независно дали кај повредениот работник е утврдена привремена спреченост за работа (боледување) и колку тоа траело. Втората неусогласеност произлегува од фактот дека кај нас и повредите на редовниот пат до и од работа исто така се признаваат како повреди на работа.

И покрај неусогласеноста со дефиницијата на ЕУРОСТАТ треба да се одбележи дека нашите работници во овој момент користат поголеми и пошироки права по основа на повреди на работа отколку што е препорачаниот минимум кон кој обврзува Европската Унија. Процесот на усогласување со барањата на ЕУРОСТАТ се предвидува да се надминат со помош на соодветно дизајнирана пријава за повреди на работа.

## ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОВРЕДИТЕ НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Рамковата Директива 89/391/ЕЕЦ за безбедноста и здравјето на работниците на работа, во член 9, параграф с) и д) ја содржи одредбата за обврска на работодавачите да водат евиденција за несреќите на работа кои резултираат со неспособност за извршување на работните обврски повеќе од три дена, и во согласност со националните закони и правилници да подготвуваат извештаи за несреќите на работа во кои се инволвирани работниците. Оваа одредба од рамковната директива е вградена и во нашето национално законодавство.

Така, во чл. 36 од Законот за безбедност и здравје на работа (Сл. Весник бр. 92/2007), работодавочот е должен веднаш, или најдоцна во рок од 48 часови да ја извести инспекцијата од областа на трудот за секој смртен случај, колективна несреќа и повреди на работа кои предизвикуваат времена неспособност на работа подолга од 3 работни

денови. За таа цел Државниот инспекорат за труд има изготвено известување за несреќа на работа. Со чл. 9 од Правилникот за начинот на водење на евиденции од областа на 12 безбедност и здравје на работа (Сл. Весник 136/2007), поблиску се регулира содржината и податоците за кои работодавачот мора да води евиденција во случај напрофесионални болести, заболувања во врска со работата, повреди на работа и смртни случаи при работа.

Во Република Македонија евиденциите за повреда на работа се уште се водат преку индивидуалните пријави за повреди на работа во т.н. Образец – индивидуален извештај ЕТ-8, а во согласност со член 17 од Законот за евиденции во областа на здравството (Сл. Лист бр. 2/77). Оваа пријава содржи податоци кои ги пополнува работодавачот т.е. лицето назначено од него, докторот кој прв пружил здравствена услуга, а содржи и елементи кои се однесуваат на извршениот инспекциски надзор.

Индивидуалниот извештај се пополнува во 8 примероци, од кои 1 останува кај работодавачот, а останатите се доставуваа во подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување, од каде се дистрибуираат до останатите извештајни субјекти – Центите за јавно здравје. Центрите се должни најдоцна до 5-ти во тековниот месец да ги достават извештаите за претходниот месец до Институтот за јавно здравје на Република Македонија.

Во 2009 година беше донесен новиот Закон за евиденции во областа на здравството (Сл. Весник РМ бр. 20/2009). Со овој закон и со неговите понатамошни измени (Сл. Весник бр. 53/11 и 164/13) се воспоставува Национален систем за електронски евиденции во здравството.

Согласно член 5 од овој Закон, Институтот за јавно здравје на Република Македонија е носител на здравствената статистика за евиденциите што задолжително се водат во здравствените установи. Секоја здравствена установа е обврзна да води збирни и индивидуални евиденции и податоците да ги доставува до 10-те Регионалните центри за јавно здравје во Републиката.

Член 8 од Законот за евиденции во областа на здравството обврзува ги обврзува здравствените установи за водење на збирни и индивидуални евиденции. Утврдени се 35 индивидуални евиденции за повеќе различни болести и состојби, од кои индивидуалните евиденции за повреди на работа, за професионални болести, за интоксикации и за отсуство од работа се актуални за следење на состојбите поврзани со безбедноста и здравјето на професионално експонираната популација.

Врз основа на овој член понатаму (член 11) Институтот за јавно здравје се обврзува да ги води здравствените регистри, вклучувајќи ги и регистрите за повреда на работа и за професионални болести.

За жал, во изминатиот период, и покрај законската обврска, до Институтот за јавно здравје нема доставено ниту една индивидуална пријава за повреда на работа и/или за професионална болест од страна на докторите специјалисти по медицина на трудот и/или останатите доктори кои учествувале во нивната дијагноза и терапија.
Тоа е причината зошто до сега не се воспоставени регистрите за повреди на работа и за професионални болести, ниту пак е објавена публикација на професионалните болести во Република Македонија.

Имајќи ги во предвид овие законски обврски, Институтот за јавно здравје ја презеде иницијативата за регулирање на оваа материја, формираше работна група и во текот на 2010 и 2011 година се одржаа редица експертски средби и консултации и се изготвија работни верзии на сите пријави, вклучувајќи ги и индивидуалните пријави за професионални болести и повреди на работа.

Пријавите беа конципирани и изработени во согласност со националното право во оваа област и целосно беа усогласени со Европската статистика за повреди на работа (ESAW – Eropean Statistic for Accidents at Work) и европската статистика за професионални болести (EODS - European Occupational Diseases Statistic). Работните верзии на пријавата за повреда на работа и за професионални болести беа испратени за стручно мислење до сите

релевантни институции и здруженија, а свои забелешки достави само Државниот инспекторат за труд.

По ова, а врз основа на член 14, точка 2 од Законот за евиденции во областа на здравството, усогласените верзии на пријавата за професионални болести и за повреди на работа (заедно со сите останати индивидуални евиденции) беа доставени на разгледување и барање на мислење до Државниот завод за статистика и Дирекцијата за заштита на лични податоци.

По усогласување на методолошките принципи и статистички стандарди (дефиниции, класификации и номенклатури), работната група во Институтот за јавно здравје пристапи кон изработка на финалната верзија на пријавите за професионални болести и повреди на работа, кои се достапни на Интернет страницата на Институтот за јавно здравје на РепубликаМакедонија (http://www.iph.mk/dejnosti/sektor-za-zdravstvena-ekologija/oddelenie-zamedicina-na-trud-i-procenka-na-zdravstveni-rizici/).

## СОСТОЈБА ВО ВРСКА СО ПОВРЕДИТЕ НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016-2017 ГОДИНА

Во анализата на состојбата за повредите на работа во Република Македонија се користени податоците од пријавите за повреда на работа и индивидуалните извештаи ЕТ-8, кои Институтот за јавно здравје ги добива преку Центрите за јавно здравје и Фондот за здравствено осигурување, а според претходно важечката методологија за прибирање и обработка на здравствено-статистичките податоци.

Во текот на 2017 година Институтот за јавно здравје добиваше редовни извештаи за повредите на работа од Центарот за јавно здравје – Битола, Центарот за јавно здравје – Велес и неговите единици од Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Центарот за јавно здравје Тетово и подрачната единица на Фондот за здравствено осигурување – Скопје.

Во текот на 2017 година се забележани вкупно 1111 повреди на работа, што претставува зголемување во однос на претходната извештајна година од околу 20,0%.

Во структурата на регистрираните повреди на работа во 2017 година и понатаму најголем број се оние забележани во индустријата и рударството и тоа вкупно 397 повреди или 35,7% од вкупниот број на регистрирани повреди во Република Македонија во 2017 година. Во однос на 2016 година нивниот број е зголемен за 10,3%.

Потоа следуваат повредите регистрирани кај општествено политички организации кои во структурата на вкупните повреди на работа учествуваат со 17,5%. Станува збор за 194 повреди, а во однос на 2016 година нивниот број е зголемен за 78,8%. На трето место во структурата на повредите во 2017 година се повредите во здравство и социјална заштита со вкупно регистрирани 143 повреди т.е. 12,8%. Во однос на 2016 година нивниот број е намален за 11,1%. На четврто место според бројот на регистрирани повреди на работа се повредите регистрирани кај останатите осигурани лица. Станува збор за 84 повреди односно 7,6% од сите повреди, со забележано намалување од 52,0% во однос на претходната извештајна година.

Податоците за структурата на повредите на работа според дејности во периодот 2016-2017 година се прикажани во Табела бр.1 и Графикон бр.1.

**Табела бр.1** ПОВРЕДИ НА РАБОТА РЕГИСТРИРАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016-2017 ГОДИНА

| **Стопанска дејност** | **2016** | **%** | **2017** | **%** |
|---|---|---|---|---|
| **01 Индустрија и рударство** | 356 | 39,8 | 397 | 35,7 |
| **02 Земјоделство и рибарство** | 14 | 1,6 | 14 | 1,3 |
| **03 Шумарство** | 28 | 3,1 | 5 | 0,4 |
| **04 Водостопанство** | 4 | 0,4 | 4 | 0,3 |
| **05 Градежништво** | 10 | 1,1 | 31 | 2,8 |
| **06 Сообраќај и врски** | 46 | 5,1 | 51 | 4,6 |
| **07 Трговија** | 17 | 1,9 | 44 | 4,0 |
| **08 Угостителство и туризам** | 11 | 1,2 | 10 | 0,9 |
| **09 Занаетчиство и лични услуги** | 2 | 0,2 | 4 | 0,3 |
| **10 Стамбено-комунални дејности** | 9 | 1,0 | 12 | 1,1 |
| **11 Финансиски и други услуги** | 2 | 0,2 | 8 | 0,7 |
| **12 Образование и култура** | 18 | 2,0 | 23 | 2,1 |
| **13 Здравство и социјална заштита** | 161 | 18,0 | 143 | 12,9 |
| **14 Општествено политички организации** | 41 | 4,5 | 194 | 17,5 |
| **15 Останати осигурани лица** | 175 | 19,5 | 84 | |
| **ВКУПНО** | **894** | **100,0** | **1111** | **100,0** |

***Извор: Институт за јавно здравје на РМ**

**Графикон бр.1** ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕГИСТРИРАНИ ПОВРЕДИ НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СПОРЕД ДЕЈНОСТИ ВО 2016-2017 ГОДИНА




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 356 | 14 | 28 | 4 | 10 | 46 | 17 | 11 | 2 | 9 | 2 | 18 | 161 | 41 | 175 |
| 2017 | 397 | 14 | 5 | 4 | 31 | 51 | 44 | 10 | 4 | 12 | 8 | 23 | 143 | 194 | 84 |

Легенда

1. Индустрија и рударство
2. Земјоделие и рибарство
3. Шумарство
4. Водостопанство
5. Градежништво
6. Сообраќај
7. Трговија
8. 
9. Занаетчиство и лични услуги
10. Стамбено – комунална дејност
11. Финансиски и други услуги
12. Образование и култура
13. Здравство и социјална заштита
14. Општествено политички организации
15. Останати осигурани лица

Во структурата на вкупниот број на повреди на работа во 2017 година повеќе има повредени работници од машкиот пол. Така во 2017 година 671 т.е 60,4% од сите повреди се регистрирани кај работниците, а 440 т.е. 39,6% се повреди забележани кај работничките.

**Табела бр.2** ПОВРЕДИ НА РАБОТА СПОРЕД ПОЛ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2016-2017 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| **Стопанска дејност** | **2016** | | | **2017** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | мажи | жени | Вкупно | мажи | жени |
| | број | број | број | број | број | број |
| **01 Индустрија и рударство** | 356 | 286 | 70 | 397 | 262 | 135 |
| **02 Земјоделство и рибарство** | 14 | 13 | 1 | 14 | 9 | 5 |
| **03 Шумарство** | 28 | 23 | 5 | 5 | 4 | 1 |
| **04 Водостопанство** | 4 | 4 | 0 | 4 | 3 | 1 |
| **05 Градежништво** | 10 | 10 | 0 | 31 | 27 | 4 |
| **06 Сообраќај и врски** | 46 | 39 | 7 | 51 | 42 | 9 |
| **07 Трговија** | 17 | 6 | 11 | 44 | 24 | 20 |
| **08 Угостителство и туризам** | 11 | 6 | 5 | 10 | 5 | 5 |
| **09 Занаетчиство и лични услуги** | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 | 3 |
| **10Стамбено-комунални дејности** | 9 | 6 | 3 | 12 | 9 | 3 |
| **11 Финансиски и други услуги** | 2 | 2 | 0 | 8 | 5 | 3 |
| **12 Образование и култура** | 18 | 9 | 9 | 23 | 7 | 16 |
| **13 Здравство и социјална заштита** | 161 | 98 | 63 | 143 | 28 | 115 |
| **14 Општествено политички организации** | 41 | 25 | 16 | 194 | 135 | 59 |
| **15 Останати осигурани лица** | 175 | 134 | 41 | 84 | 52 | 32 |
| **ВКУПНО** | **894 (100,0%)** | **662 (74,0%)** | **232 (26,0%)** | **1111 (100,0%)** | **671 (60,4%)** | **440 (39,6%)** |

***Извор: Институт за јавно здравје на РМ**

**Графикон бр.2** ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ПОВРЕДИТЕ НА РАБОТА СПОРЕД ПОЛ ВО 2016-2017 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА







Најзначаен индикатор за проценка на движењето на повредите на работа претставува користењето на стандардни статистички индикатори. Според единствената методологија

за следење на повредите на работа (ESAW) индикаторот кој се користи за утврдување на движењето на повредите на работа во испитуваниот период, што истовремено овозможува и споредување на утврдените вредности, односно компаративно прикажување во однос на состојбите регистрирани во други земји и региони е индексот на инциденција.

Овој статистички индикатор уште се нарекува и стапка на повреди на работа. Со употребата на овој статистички индикатор бројот на регистрирани повреди се пресметува во однос на 100.000 работници. Така, во 2017 година стапката на повреди на работа во Република Македонија изнесува 149,1/100.000. Тоа значи дека во текот на годината на секои 100.000 работници се повредиле 149 работници, што во однос на претходната година претставува зголемување од 17,5%.

Податоците за движење на стапката на повреди на работи во Република Македонија за периодот 2016-2017 година се прикажани на Табела бр. 3 и Графикон бр. 3.

**Табела бр.3** СТАПКА НА ПОВРЕДИ НА РАБОТА НА 100.000 ВРАБОТЕНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2016-2017 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Стапка на повреди | 2016 | 2017 |
|---|---|---|
| **Вкупно повреди на работа** | **894** | **1111** |
| **Број на вработени** | **723550** | **745206** |
| **Стапка на повреди на 100 000 вработени** | **123,5** | **149,1** |

**Графикон бр.3** ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СТАПКА НА ПОВРЕДИ НА РАБОТА НА 100.000 ВРАБОТЕНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2016-2017 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




Во структурата на вкупниот број на повреди на работа во 2017 година според град најголем број на повредени работници се регистрирани во Скопје вкупно 577 т.е. 52,0%. Потоа следуваат Битола со 301 (27,1%), Велес со 80 (7,2%) и Кавадарци со 63 (5,7%) од вкупниот број на регистрирани повреди на работа за периодот од 2017 година.

Во текот на 2017 година регистрирани се два смртни случаи поради повреда на работа, еден смртен случај во Битола и еден во Кавадарци.

**Табела бр.4** ПОВРЕДИ НА РАБОТА СПОРЕД ГРАД ВО ПЕРИОДОТ ОД 2016-2017 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| ГРАД | МАЖИ | ЖЕНИ | ВКУПНО Број | % |
|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 184 | 117 | 301 | 27,1 |
| **Гевгелија** | 22 | 6 | 28 | 2,5 |
| **Кавадарци** | 44 | 19 | 63 | 5,7 |
| **Кичево** | 8 | 3 | 11 | 0,9 |
| **Неготино** | 28 | 14 | 42 | 3,8 |
| **Свети Николе** | 6 | 3 | 9 | 0,8 |
| **Скопје** | 335 | 242 | 577 | 52,0 |
| **Велес** | 44 | 36 | 80 | 7,2 |
| **ВКУПНО** | **671** | **440** | **1111** | **100,0** |

**Графикон бр.4** ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ПОВРЕДИТЕ НА РАБОТА СПОРЕД ГРАД ВО ПЕРИОДОТ ОД 2016-2017 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# ЗАКЛУЧОЦИ

1. Во текот на 2017 година се забележани вкупно 1111 повреди на работа, што претставува зголемување во однос на претходната извештајна година од околу 20,0%.
2. Во структурата на регистрираните повреди на работа во 2017 година и понатаму најголем број се оние забележани во индустријата и рударството и тоа вкупно 397 повреди или 35,7% од вкупниот број на регистрирани повреди во Република Македонија во 2017 година. Во однос на 2016 година нивниот број е зголемен за 10,3%.
3. На второ место се повредите регистрирани кај општествено политички организации кои во структурата на вкупните повреди на работа учествуваат со 17,5%. Станува збор за 194 повреди, а во однос на 2016 година нивниот број е зголемен за 78,8%.
4. На трето место во структурата на повредите во 2017 година се повредите во здравство и социјална заштита со вкупно регистрирани 143 повреди т.е. 12,8%. Во однос на 2016 година нивниот број е намален за 11,1%.
5. На четврто место според бројот на регистрирани повреди на работа се повредите регистрирани кај останатите осигурани лица. Станува збор за 84 повреди односно 7,6% од сите повреди, со забележано намалување од 52,0% во однос на претходната извештајна година.
6. Во структурата на вкупниот број на повреди на работа во 2017 година повеќе има повредени работници од машкиот пол. Така во 2017 година 671 т.е 60,4% од сите повреди се регистрирани кај работниците, а 440 т.е. 39,6% се повреди забележани кај работничките.
7. Стапката на повреди на работа во Република Македонија во 2017 година изнесува 149,1/100.000. Тоа значи дека во текот на годината на секои 100.000 работници се повредиле 149 работници, што во однос на претходната година претставува зголемување од 17,5%.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ**

1. Неопходно е воспоставување на интегриран систем за следење и пријавување на повредите на работа и професионалните болести кој би овозможил евидентирање и регистрирање на сите повреди на работа и професионални болести.

2. Институт за јавно здравје на Република Македонија располага со кадровски и технички услови, во соработка со релевантните установи од областа на статистиката во нашата држава и со релевантните извештајни единици/субјекти да обезбеди имплементација на еден ваков систем, кој би овозможил директно online пријавување на овие состојби од страна на избраниот доктор, како и вклучување на докторите специјалисти по медицина на труд, овластените установи за медицина на труд и правните субјекти за безбедност на работа во системот.

3. Основа за ваков пристап претставува Законот за евиденции во областа на здравството (Сл. Весник бр. 20/2009) и неговите понатамошни измени (Сл. Весник бр. 53/11 и 164/13), со кои се воспоставува Националниот систем за електронски евиденции во здравството. Овој закон ја воведува обврската за сите здравствени работници/установи за пополнување на индивидуалните пријави за повреди на работа и за професионални болести. Со оглед на реалната претпоставка дека секој болен и повреден работник би се јавил кај својот избран (матичен) доктор за утврдување на дијагнозата, дефинирање на терапискиот пристап и оценката на работната способност, јасно е дека единствено на таков начин може да се обезбеди многу висок опфат во пријавувањето на повредите на работа и професионалните болести.

4. Институтот за јавно здравје на Република Македонија е овластен носител на здравствената статистика за евиденциите што се водат во здравствените установи: индивидуалната евиденција т.е. индивидуалните пријави за одделни болести и состојби и збираната евиденција за видот и обемот на извршената работа.

5. Отпочнувањето на пријавувањето на повредите на работа и на професионалните болести е предуслов за да може во Институтот за јавно здравје на Република Македонија да се воспостават соодветните регистри – Регистар за професионални болести и Регистар за повреди на работа. Индивидуалните пријави за повреди на работа и за професионални болести се достапни на интернет страницата на Институтот за јавно здравје на Република Македонија (http://www.iph.mk/dejnosti/sektor-za-zdravstvena-ekologija/oddelenie-za-medicinana-trud-i-procenka-na-zdravstveni-rizici/)

6. Збирните евиденции за обемот и видот на извршената работа во овластените установи за безбедност на работа и за медицина на труд работа се основа за утврдување на состојбите, како и за планирање на развојот на безбедноста и здравјето на работа во Република Македонија. Во периодот 2013-2015 година од страна на Институтот за јавно здравје беа изготвени извештајните обрасци за збирна евиденција за видот и обемот на извршената работа во овластените установи за медицина на труд и соодветни извештаи за извршената работа во правните субјекти за безбедност на работа. Тие се исто така достапни на интернет страницата на Институтот за јавно здравје на Република Македонија. (http://www.iph.mk/dejnosti/sektor-za-zdravstvena-ekologija/oddelenie-za-medicinana-trud-i-procenka-na-zdravstveni-rizici/ ).

7. Од септември 2016 година се отпочна со прибирање на податоците од установите за медицина на труд, но за жал тој процес не беше соодветно следен и од овластените правни субјекти за безбедност на работа. Институтот за јавно здравје во текот на 2017 изработи упатството за водење на индивидуалната евиденцијата за повреди на работа и професионални болести и збирна евиденција за работа на овластените установи за медицина на трудот и на правните субјекти за безбедност на работа.

8. Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе одржи обуки на сите лица кои учествуваат во процесот на пријавување на повредите на работа и

професионалните болести – лицата за безбедност на работа во претпријатијата, докторите од примарна здравствена заштита,овластените здравствени установи за здравје и овластените здравствени установи за безбедност на работа, како и инспекторите за труд.

9. Како прилог кон заложбите за воспоставување на интегриран национален систем за статистика во обласќа на безбедноста и здравјето кој би бил хармонизиран со Европските регулативи и со добрите практики на Меѓународната организација на трудот, Институтот за јавно здравје на Република Македонија во 2015 година ја објави Меѓународната класификација на професионалните болести и повреди на работа. Целта на оваа публикација е да се овозможи што побрза, поуспешна и поефикасна обука на здравствените работници за водење на оваа евиденција.